**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ТЕАТРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 30.04.2025 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Театрологија,** 60801 Фраскатиева класификација**,** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања: Научно подрачје: Хуманистички науки, Поле:608 Драмски уметности, Област: 60801 (**Театрологија**) (Фраскатиева класификација), објавен во весникот „Нова Македонија“ од 11.04.2025 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **д-р Горан Тренчовски.**
Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш,**
**Проф. Дејан Пројковски,**
**Вонр. Проф. Гоце Ристовски,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Д-р Горан Тренчовски е роден на 24.4.1970 г., во Струмица. Тој на 24.10.2016 беше избран за доцент на Универзитетот за аудиовизуелни уметности – Европска филмска, театарска и танцова академија ЕФТА – Скопје, каде ги предавал предметите Режија, Историја и теорија на режијата, Театрологија и Анализа на филмско дело и каде е акредитиран како ментор за специјалистички студии.

Тренчовски дипломирал режија на Академијата за уметност во Нови Сад во класата на проф. Боро Драшковиќ. Бил на стручна специјализација во Прага, а во Скопје магистрирал со тезата „Кинестетичните раскази на Солев и Чинго: низ филмските адаптации на Русомир Богдановски“.

Во својот уметнички опус Тренчовски има режирано во сите драмски медиуми. Режирал во МНТ, Драмски театар, Турскиот театар, театрите во Битола, Штип, Прилеп, Велес, Струмица. Потписник е на 100-тина професионални креативни уметнички проекти. Објавил над 300 текстови во печатот и периодиката (*Млад борец, То јест, Нова Македонија,*

*Современост, Сум, Акт, Премин, Наше писмо, Сцена, Кинопис, Театарски гласник, Денес, Македоника, Медиантроп, Литературен збор*), а во Македонската телевизија режирал над 500 емисии од најразлични програмски жанрови (серии, документарци, докудрами).

Преку своите режии на претстави, коишто се инвентивни парафрази на европската и светската драматика на апсурдот, овозможил претставувања на Адамов, Ајсхил, Арабал, Бекет, Бихнер, Виткаци, Достоевски, Ибзен, Јонеско, Плаут и Хавел во Македонија.

Неговите кусометражни и среднометражни филмови се освежување во третманот на урбаната и на новомитската балканска иконографија. Ја режирал првата македонска урбана играна ТВ-серија „Бумбари“ (1994), документарецот „Верувам во Македонија“ (2007) префрлен на 35 мм, како и „Вампирџија“ (2002) – прв македонски игран ТВ-филм снимен на дигитална техника.

Автор е на осум книги есеи и студии, меѓу кои „Кинестетични наративи“ (2018) каде на мултидисциплинарен начин го препознава феноменот фи во граничните сфери на филмот, фикцијата и филологијата. „Крунски панагон“ (2022) му е книга со кратки раскази, а последната „Живот во ролни“ (2023) во 2024 г. беше финалист на наградата „Димитар Митрев“ за најдобра книга за критика и/или и есеистика. Книгите му се преведувани на повеќе светски јазици.

Неговите проекти се изведувани и прикажувани во Австралија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Велика Британија, Германија, Грција, Индија, Италија, Канада, Полска, Романија, Русија, САД, Словачка, Словенија, Србија, Турција, Франција, Чешка, Швајцарија...

Работел и како драматург, координатор на театарска лабораторија, раководител на сектор по режија во телевизија, селектор на фестивал на камерен театар, уредник и супервизор на списанија, менаџер и меѓународен културен активист.

Заедно со сопругата Софија е основоположник и организатор на интернационалниот филмски фестивал „Астерфест“, ја иницирал и Тивериополската филмска алијанса, а е претседател на Здружението за култура и уметност „Астерфест филм фестивал“. На „Астерфест“ досега промовирал над 1000 автори на кратки и документарни филмови, а овозможил претставување на 30 видни светски лауреати, меѓу кои и последниот, Ребека О’Брајан, продуцентката на Кен Лоуч.

Учествува на манифестации, симпозиуми и научни собири. Држи предавања и работилници од областа на филмот, театарот и интермедијалноста.

Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 2010, на Европската филмска академија од 2018 и на Британската асоцијација за компаративна литература од 2020 г..

Ги добил наградите: Авторска награда „Војдан Чернодрински“ за современа драматизација и адаптација, Награда за уметнички сценски израз во Стоби, Гран-при за ТВ-филм на Сараевскиот филмски фестивал, Специјална награда за документарец во Новогард, Награда за најдобра алтернативна претстава во Македонија, Награда Скрипт фест за повеќегодишен успех во полето на филмската уметност и др.

Последни позначајни македонски проекти во режија на Горан Тренчовски се: долгометражниот игран филм „Златна петорка“ (2016), кој го обиколи светот и кој според бројот на гледачи стана еден од најгледаните македонски филмови, претставата „Идиот“ според Достоевски, и книгата *Живот во ролни*.

За филмот „Златна петорка“ од 2016 наваму, ги добил наградите: Златен грифон за најдобар странски филм во Перуџа, Гран-при за најдобар игран филм во Њу Џерси, Гран при за филм во Југоисточна Европа на SEE Film Festival во Париз, Најдобар балкански дух во Поградец, Бронзена сабја во Варшава, Најдобар странски игран филм во Мумбај, Специјална награда на *Руска газета* за доследно трагање по историската вистина во Санкт Петербург, Најдобар игран филм на странски јазик во Кардиф, Св. 15 тивериополски свештеномаченици и др.

Тој од 2017 започнува да ги продлабочува истражувањата за феноменот на адаптацијата, кој практично го примени во филмот „Златна петорка“, инспириран од вистинскиот настан за петтемина струмички студенти и своевидна адаптација на мотиви од романот „Расцепен ум“ на Братислав Ташковски.

За време на КОВИД-19 пандемијата го промовирал интернационалниот мултимедијален проект „Пит Кралски – 10 режисерски премиси“.

Докторирал со темата насловена „Интермедијалните верификации на романите ‘Црвениот коњ’ од Ташко Георгиевски и ‘Нежниот варвар’ од Бохумил Храбал“. Докторатот е одбранет на 13 јули 2021 г., пред комисијата составена од професорите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје: проф. д-р Кристина Николовска, проф. д-р Венко Андоновски, проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, проф. д-р Ангелина Бановиќ-Марковска и проф. д-р Јасна Котеска. Во меѓувреме, стекнатата докторска (PhD) квалификација му е нострифицирана од страна на UK ENIC за британскиот Оддел за образование (Department for Education) во согласност со Лисабонската конвенција.

Книгата „Живот во ролни“ е своевидна адаптација на докторска теза на Тренчовски. Работата врз тој труд и теориските истражувања поврзани со него се започнати во Скопје, на нашата образовна иституција, а темата на истражувањата природно и логично се надоврзуваа на интересот на Тренчовски од областа на филмологијата, претходно сублимиран и во магистратурата за кинестетичните раскази. Книжевноста и филмот, адаптацијата, сценариото, драмските медиуми – се клучните одредници во сите овие истражувања опфатени во оваа книга, што вкупно траеја речиси цела деценија, токму од започнувањето на неговиот ангажман и соработката со нашата образовна институција. Неговиот интерес и дискурс кон македонската и светската проза, кон компаративната литература и кон интермедијалноста се присутни цело време додека режира на филм, ТВ и во театар. Притоа, фестивалските и студиските патувања низ светот од 2016 досега, му овозможија на Тренчовски да оствари низа посети и соработки во етаблирани меѓународни научно-образовни институции, како и запознавања со еминентни академски личности од стручните области на неговиот тематски интерес, при што црпел и применувал различни искуства и модели на истражувања, меѓу кои и оние од американскиот Универзитет „Ратгерс“ (Rutgers University, Cinema Studies Program, New Brunswick), како и оние од чешките и британските универзитетски програми. Во доменот на практичните истражувања за оваа книга, имал корисни вежби и согледувања со неговите бивши студенти и постдипломци по режија, актерство, сценарио и драматургија, како и средби, разговори и кореспонденции со врвни британски колеги, професори, писатели, научници и истражувачи. Меѓу другото, при работата и истражувањата во голема мера му помогнале и Театарскиот институт (Divadelní ústav) и Филмскиот архив (Národní Filmový archiv) во Чешка,

како и Британскиот филмски институт (BFI Reuben Library). Книгата „Живот во ролни“ има цел да ги истражи интермедијалните нишки и можности во структурата на одбраните романи на Георгиевски Храбал, од коишто се преточија значајни играни филмови. Применувајќи го методот на препознавање, Тренчовски е насочен кон анализата на новосоздадените дела со драмски одлики, дискутирајќи за трансферите, дијалогичностите и ефектите произлезени од трансмедијалните особености на овие два романа. Корпусот на книжевноста на XX век детерминирана со „Црвениот коњ“ и „Нежниот варвар“, Тренчовски го верифицира како непресушен извор за преоткривање на оригинални и неповторливи романескни и интермедијални дела.

Од 2018 г. Горан Тренчовски интерактивно твори на релација Македонија – Велика Британија, како слободен уметник, предавач, ментор и стручен консултант во аудиовизуелните уметности и образованието.

<u>Книги и објавени трудови од 2016 досега:</u>

- *Кинестетични наративи*, ЕФТА, Скопје, 2018.
- *Крунски панагон*, „Антолог“, Скопје, 2022.
- *Живот во ролни*, самостојно издание, Скопје, 2023.
- *The Crowning Glory: Notes for the artist who climbs the pyramids*, Biddles Books, King’s Lynn, Norfolk, 2023.
- *Ефектот на пеперутката* (хрестоматија на студии и есеи од Боро Драшковиќ), приредувач, самостојно издание, Скопје, 2024.
- *Кинестетични раскази* (антологија на македонски раскази адаптирани на филм и ТВ), приредувач, Астерфест филм фестивал, Струмица, 2025.

<u>Понови рецензирани печатени трудови од Тренчовски:</u>

[1]. „Дионизиското во драмата ‘Словенски Орфеј’“, *ФИЛКО: зборник на трудови, Трета меѓународна научна конференција*, Штип, 2018, 681-690 стр.

[2]. „Можности за адаптации во драмски медиуми од прозата на Ташко Георгиевски и Бохумил Храбал: трансмедијални одлики, сличности и релации“, *Македоника*, бр. 19-20/VIII, Скопје, 2018, 73-83 стр.

[3]. „Квинтесенцијата на рубинот“ во: *Наративните и естетските вредности во филмот ‘Златна петорка’: зборник на трудови од меѓународен симпозиум*, Струмица, 2018, 113-120 стр.

[4]. „Прилог кон теоријата на филмската адаптација: од расказ до филм“, *Линк*, бр. 2/II, Скопје, 2019, 43-48 стр.

[5]. „Од кратка проза до филмска фикција“, *Кинопис*, бр. 57-58/XXXI, Скопје, 2020, 81-87 стр.

[6]. „Вовед во интермедијалните верификации на ‘Црвениот коњ’ и ‘Нежниот варвар’“, *Литературен збор*, , 4–6/LXVIII, Скопје, 2021, 163-174 стр.

[7]. „Црвениот коњ како култна филмска адаптација“, *Кинопис*, бр. 59-60/XXXII, Скопје, 2021, 78-98 стр.

[8]. „Романот како основа за претстава или филм“, *Литературен збор*, бр. 4–6/LXIX Скопје, 2022, 131-144 стр.

Последни интервјуа, написи и осврти:

- Кристина Николовска, „Интермедијални аспекти на романите“ во: „Моќта на довиците“, Панили, Скопје, 2022, 178-198 стр.
- *London Daily Post*, May 2023. https://londondailypost.co.uk/a-new-bookfrom-the-award-winning-author-and-director-of-the-golden-five-film-the-crowning-glory-by-pit-kralsky/
- *The Industry Times*, August 2023. https://theindustrytimes.com/the-cinesthetic-mastery-of-pit-kralsky-and-his-the-crowning-glory/
- „Меѓу реалноста и крстопатите“, *Зенит*, бр. 12-13, 2024, 19-26 стр.
- *Holywood Times Magazine*, August 2025. https://hollywoodtimesmag.com/goran-trenchovski-artistic-name-pit-kralsky-is-a-festival-organiser-who-recently-completed-the-20th-asterfest-international-film-festival-in-his-native-strumica-astraion-tiberiopol/

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **д-р Горан Тренчовски.** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Вонреден професор** по група предмети од областа **Театрологија,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш,**

_______________________________

**Проф. Дејан Пројковски,**

__________________________________

**Вонр. проф. Гоце Ристовски,**

__________________________________

**Скопје, 16.05.2025**